Врз основа на член 31 став 9 од Законот за земјоделство и рурален развој ("Службен весник на Република Македонија" бр.49/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ВИДОТ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ПЛАНИРАНИТЕ КОЛИЧИНИ ЗА ОТКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И ЗА РЕАЛИЗИРАН ОТКУП ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА, НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ, ФОРМАТА И ОБРАЗЕЦОТ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува видот на податоците за планираните количини за откуп на земјоделски производи и за реализиран откуп за претходната година, начинот на доставување, формата и образецот за доставување.

## Член 2

Видот на податоците за планираните количини за откуп на земјоделските производи во тековната година, откупувачите на земјоделските производи ги доставуваат на пријава за планиран откуп за тековната година.

Формата и содржината на Пријавата од став 1 од овој член се дадени на образец бр.1 кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник.

Видот на податоците за реализиран откуп на земјоделските производи за претходната година откупувачите на земјоделските производи ги доставуваат на пријава за реализиран откуп на земјоделски производи за претходната година.

Формата и содржината на Пријавата од став 3 од овој член се дадени на образец бр.2 кој е даден во Прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Откупувачите на земјоделски производи, податоците од член 2 на овој правилник ги доставуваат во пишана или електронска форма до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Законот за земјоделство и рурален развој.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.08-6986/7<br>
_______ 2010 година<br>
Скопје

Министер,<br>
Љупчо Димовски, с.р.

**Прилог бр.1**

**Образец бр. 1** Назив на правно лице__________

**П Р И Ј А В А**

**за планирани количини за откуп за ______година**

| **ред. број** | **Вид на производ** | **Вкупно Планирана количина за откуп во кг.** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Датум м.п. Потпис на одговорното лице во правното лице

______________________________ ________________________________________

**Прилог бр .2**

**Образец бр.2**

Назив на правно лице__________

**П Р И Ј А В А**

**за извршен откуп од претходниот ____месец ______година**

| **ред. број** | **Вид на производ** | **Број на склучени договори за откуп по вид на производ** | **Вкупно Откупена количина во кг. – л.** | **Реализиран откуп ПО КЛАСИ во кг. – л.** | | | **Извршена исплата на откупените количини во денари** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Датум

м.п.

потпис на одговорно лице
во правното лице

_____________________

___________________________